ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“
Куманово

# ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВА ВО ПРИРОДА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД V ОДДЕЛЕНИЕ




**Учебна 2022/ 2023 година**

*Врз основа на Правилникот за начинот на изведувањето на ученичките екскурзии, донесен според член 34 став 4 од Законот за основно образование, стручниот тим за екскурзии при ООУ „Браќа Миладиновци“, Куманово, ја изготви следнава програма за изведување на петдневна настава во природа за генерацијата на петтите одделенија во учебната 2022/2023 година*:

**ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:**

- Учениците изворно да се здобијат со знаења, претстави и поими во природната средина и истите да се дополнуваат, потврдуваат и систематизираат со примена и користење на современи педагошки форми и методи на работа.
- Учениците да се запознаат со природно-географските, биолошко-еколошките, антрополошките и културните обележја на Охрид.
- Развивање способност за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина, согледување и сфаќање на нивните меѓусебни врски и односи во природата и општествената средина;
- Продлабочување, проширување и збогатување на ученичкото искуство за откривање на нови знаења преку организирање на истражувачки постапки.
- Развивање љубов и почит кон татковината, нејзините убавини и историското минато;
- Учениците подобро меѓусебно да се запознаат, да се продлабочи другарството и да се надминат социјалните и националните разлики;
- Да се негуваат и развиваат индивидуалната, тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста;
- Развивање смисла за убавото, чување на природата и духовните богатства, формирање навики за организирано културно користење на слободното време.
- Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;

**ЗАДАЧИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА:**

- Посета на културно - историските места и споменици;
- Набљудување на природните убавини и богатства на нашата татковина;
- Истражување на културното, духовното и историското значење на местата кои ги посетуваат учениците;
- Усовршување на способноста за: насочено внимание, воочување, селективно воочување и бележење на детали и податоци;
- Развивање: љубопитност, досетливост, упорност и истрајност, свест за зачувување на природата, природните реткости и други духовни и материјални вредности;
- Да се негува и развива: индивидуалната, тандемската и групната работа меѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста;
- Организирање на ученички работилници во корелација со наставните предмети.

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ:**

Релјефни карактеристики на РСМ;
Културно - историско наследство на РСМ;
Македонска литература и творештво;
Екологија;

- **Активности**

Посета на локалитети, културно-историски обележја и атрактивни места во Западна Македонија, запознавање со дел од културно-духовното наследство во РСМ, посета и именување на старите занаети кои се сретнуваат во чаршијата; собирање податоци од направените посети на културно-историските споменици и обележја, фабрики, институции, околината и природните убавини, организирање на спортски и други рекреативни игри;

**РАКОВОДИТЕЛИ НА ЕКСКУРЗИЈА:**

**Одделенски наставници од петти одделенија**

**Централно училиште:**

Маја Поп – Арсова
Вердијана Лазовска
Катерина Митевска
Марија Насевска
Валентина Јанева

**Подрачно училиште:**

Сандица Ристевска

**Времетраење:** четири дена

**Време на реализација:** мај 2023г.

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ**

Маршута:
Куманово – Тетово – Гостивар – Вруток – Струга – Охрид – Битола – Крушево – Куманово

**СОДРЖИНИ** - **Теми на истражување:**

**Природа и екологија:**

1. Водата како животна средина **-** истражување на Охридското Езеро - флора и фауна;
2. Земјата и воздухот како животна средина и услов за живот;
3. Сонцето, услов за живот;
4. Растенија и животни кои се среќаваат во крајот со посебен осврт на лековитите растенија;
5. Изработка на хербариум и инсектариум.



**Историја и општество:**

1. Животот и работата  на луѓето во локалната заедница;
2. Посета на Наколното живеалиште (Музеј на вода) - Охрид
3. Стопански и нестопански дејности: туризам, риболов, овоштарство, сточарство и занаети;
4. Селска куќа - архитектура;
5. Од историското минато на македонскиот народ.



**Литература и творење:**

1. Читање проза и поезија за историјата, животот и работата на луѓето во Охрид, Струга и околината;
2. Литературно творење.

**Математика:**

1. Употреба на математичките операции преку истражување, собирање и средување на податоци во корелација со реализираните истражувања.

**Култура и фолклор:**

1. Народни песни, носии, ракотворби, игри, традиции и обичаи од Охрид и Струга - посета на куќата на Миладинови, Мостот на поезијата, с. Вевчани;

**Спорт:**

1. Утринска гимнастика;
2. Одење и пешачење во природа;
3. Атлетски дисциплини и натпревари;
4. Спортски игри: фудбал, кошарка, народна топка;
5. Рекреативно - забавни игри ( игри без граница).



**Производствено - корисна работа:**

Изработка на книга за Охрид;



**Културно и забавни активности:**

1. Вечер на хумор и смеа;
2. Избор на најдобар глас;
3. Игранка.



**Потребен материјал за наставни активности:**

- блок бр. 3
- фломастери;
- тетратка со квадратчиња;
- прибор за пишување;



**Хигиена и здравје:**

1. Одржување лична и општа хигиена;
2. Норматив листа за јадења на здрава и разновидна храна значајна за раст и развој на учениците.

**Распоред на времето во текот на денот:**

1. Станување;
2. Утринска гимнастика;
3. Лична хигиена и уредување на спалните соби;
4. Појадок;
5. Настава;
6. Ручек;
7. Време за одмор;
8. Ужина и активен одмор;
9. Вечера;
10. Културно - забавни активности;
11. Лична хигиена и спиење

| ден | Време на реализација | Активности |
| --- | --- | --- |
| **I ден** | Утрото, во претпладневните часови | - Тргнување од Куманово<br>- Посета на Тетово, Шарена џамија<br>- Посета на Вруток |
| | Пладне, рано попладне | - По текот на реката Радика<br>- Посета на манастирот Св.Јован Бигорски и манастирот „Рајчица“ |
| | Доцна попладне | - Пристигнување во хотел<br>- Сместување<br>- Краток одмор<br>- Вечера<br>**Културно и забавни активности:**<br>- Вечер на хумор и смеа;<br> |

<table>
<tr>
<td rowspan="3">II ден</td>
<td>Претпладне<br><br>Пладне</td>
<td>- Будење<br>- Утринска гимнастика<br>- Појадок<br>- Посета на „Заливот на коските“(историски час, прибирање податоци)?<br>- Посета на Св. Наум (цртање на околината)</td>
</tr>
<tr>
<td>Попладне</td>
<td>- ручек<br>- попладневен одмор (слушање музика, композиции од познати автори)<br>- попладневни активности-настава<br><br>Македонски јазик:<br>- Творење на тема: Охрид, лулка на писменоста.<br>- Читање на легенди за Охрид и Охридското Езеро.<br>Математика:<br>- Средување на прибраните податоци и нивно претставување со разни видови дијаграми<br><br>Производствено - корисна работа:<br>- Изработка на книга за Охрид;<br>- Презентација на изработените книги на ниво на одделенија и избирање на најуспешна.<br><br>- вечера<br><br>Културно и забавни активности:<br>- Избор на најдобар глас;<br></td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| **III ден** | Претпладне<br><br>Пладне<br><br>Попладне | Прошетка низ Струга :<br>- Посета на биолошкиот музеј во Струга<br>- куќа на Браќа Миладиновци<br>- Посета на реката Црни Дрим –( Прошетка по кејот на реката и воочување како реката се излева од Охридското Езеро).<br>- Разгледување на Струшката чаршија (Разгледување на старите занаети кои се уште постојат во Струшката чаршија);<br>- Посета на с.Вевчани и вевчански извори<br><br>- ручек<br>- попладневен одмор<br>- попладневни активности-настава<br><br>**Македонски јазик:**<br>- Творење на тема: „Браќа Миладиновци“<br><br>**Ликовно образование**:<br>- Сликање на Струшката чаршија<br><br>**Спорт:**Рекреативно - забавни игри ( игри без граница).<br><br>- вечера<br><br>**Културно и забавни активности:**<br>- Игранка;<br><br> |

| | | |
|---|---|---|
| **IV ден** | Претпладне | - Будење<br>- Утринска гимнастика<br>- Појадок<br><br>**Посета на**<br>- Ресен: Црква „Св. Георгиј“ Курбиново,<br>- Прошетка низ Битола<br>- Запознавање на учениците археолошко наоѓалиште **„Хераклеа“** како сведок на нашата богата историја и постоење<br><br>- Ручек |
| | Попладне | **Прошетка низ Крушево:**<br>- Посета на Спомен куќа на Тодор Проески<br>- Споменик „Македониум“ |
| | Доцна попладне | - Тргнување за Куманово<br><br>- Пристигнување во вечерните часови<br><br>КУМАНОВО<br> |

Сите организациони и технички и стручни подготовки од Програмата и Планот за изведување на настава во природа со ученици од петто одделение , ќе бидат усогласени според **Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта**

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА И НАЧИН НА ПЛАКАЊЕ:**

- патувањето ќе се изведе со високо туристички автобуси со водич;
- придружба од медицинско лице;
- плаќањето ќе се реализира преку жиро - сметка на училиште.
- Согласно со членот **9** од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, **избраниот понудувач** е должен да обезбеди најмалку една училница опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за изведување на настава .

- ***Анализа на наставно-рекреативната екскурзија***
- *По изведувањето на наставата во природа ќе се изврши анализа и ќе се поднесе писмен извештај од страна на одговорните наставници(најкасно до три дена), согласно член 28 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта*.

ООУ„ Браќа Миладиновци” – Куманово

**Раководител на екскурзија** | **Директор**
Катерина Митевска | Јасминка Спасовска
**Член**
Маја Поп Арсова



***Забелешка***: Програмата може да претрпи мали измени зависно од понудите на туристичката агенција.

